# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО СТВАРИТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ И СО СТВАРИТЕ ВО ОПШТИНСКА СОПСТВЕНОСТ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.153 од 04.09.2015 година**

## Член 1

Во Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на Република Македонија" број 78/15 и 106/15), во членот 1 став (2) се менува и гласи:
"(2) Со овој закон се уредува и постапката за давање на користење на стварите во општинска сопственост на државните органи и на правните лица основани од државата како и постапката за продажба и давање под закуп на недвижни и продажбата на движни ствари во општинска сопственост, како и продажба на ствари за кои е издаден лист за предбележување на градба во корист на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје."

## Член 2

Членот 38 став (1) се менува и гласи:
„(2) Висината на почетната месечна закупнина изнесува 0,5% од проценетата вредност на недвижната ствар."

## Член 3

Членот 67 се менува и гласи:
"1) Одредбите од овој закон кои се однесуваат на продажба и закуп на недвижни и продажба на движни ствари со електронско јавно наддавање соодветно се применуваат и при продажбата и давањето во закуп на недвижни и продажбата на движни ствари во општинска сопственост.
2) Одредбите од овој закон не се применуваат во постапките за давање во закуп на недвижни ствари на правните лица основани од општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, од областа на културата, спортот, образованието, детската и социјалната заштита."

## Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".